Република Северна Македонија
Јавна здравствена установа
Центар за јавно здравје
Бр. 04-34/4
30.01.2026 год.
Прилеп

Врз основа на член 44 и член 45 од Законот за административни службеници (Сл.Весник на Република Македонија бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18 и Сл.Весник на Република Северна Македонија бр.275/19,14/20,215/21, 99/22 и 208/24 ), а во врска со конечната листа од сите фази на селекција и предлогот за избор на кандидат од страна на Агенцијата за администрација, ВД Директорот на ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по објавен оглас за вработување**
**на административен службеник во ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп**

1.За извршител на работното место – **самостоен референт - сметководител** во одделение за административно технички работи, човечки ресурси и материјално финансиско работење **со шифра на работно место ЗДР0102Г01005, по објавен оглас 932/2025 се избира кандидатот Викторија Николовска.**

2.Избраниот кандидат ќе биде вработен на работно место - самостоен референт -сметководител, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Одлуката влегува на сила од денот на нејзиното објавување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На барање на ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп, Агенцијата за администрација на ден 01.08.2025 год. во дневните весници Нова Македонија, Вечер ,Коха и на страната на Агенцијата за администрација, објави јавен оглас 932/2025, за вработување на 1 (еден) административен службеник во ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп, за работно место - **самостоен референт - сметководител** во одделение за административно технички работи, човечки ресурси и материјално финансиско работење.

Со Решение бр.10-2125/7 од 19.11.2025 година од страна на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас. На ден 29.12.2025 година е извршена админисративна селекција за административен службеник од страна на Комисијата за селекција, за што е изготвен записник со бр.10-2125/8 од 29.12.2025 година.На ден 15.01.2026 год. е спроведен испит за административен службеник за што е изготвен записник бр.10-358/2 од 15.01.2026 год. На ден 23.01.2026 год.од страна на Комисијата за селекција е спроведена проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник за што е изготвен Записник бр.10-358/3 од 23.01.2026 год.

На ден 28.01.2026 год. до ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп од страна на Агенцијата за администрацијата доставен е Предлог за вработување на кандидат по објавен оглас 932/2025 со бр.10-358/4 од 26.01.2026 год. со прилог Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог кандидат за вработување.

Согласно Предлогот на Агенцијата за администрација- Комисијата за селекција за вработување на кандидат, ВД Директорот на ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп донесе Одлука за избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука за избор незадоволните кандидати имаат право на жалба до Комисијата на Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп
В.Д Директор
Д-р Горан Кузевски

Доставено до:
-Кандидатот
- Архива на ЈЗУ ЦЈЗ Прилеп
- Одделение за админ.работи, човечки ресурси
и мат.фин.фработење
-Агенција за административни службеници